Macedonian

# Информативен лист 2

# Што е Националната осигурителна програма за попреченост?

**Овој информативен лист го подготви AMPARO Advocacy со цел на луѓето од културолошки и јазички разнолични заедници да им обезбеди преведени информации за Националната осигурителна програма за попреченост.**

**Националната осигурителна програма за попреченост (National Disability Insurance Scheme)** или скратено NDIS е нов начин да им се помогне на луѓето со попреченост да добијат нега и поддршка што им се потребни. Програмата е бесплатен национален систем, па ќе биде иста за сите луѓе ширум Австралија. Програмата ќе биде достапна во целата земја во 2019 година и почнува да функционира во Квинсленд во 2016 година. Луѓето со попреченост кои добиваат поддршка од NDIS се нарекуваат „учесници“.

## Право на поддршка

**NDIS е за луѓето со попреченост кои живеат во Австралија и се**

- Помлади од 65 години кога првпат ќе стапат во контакт со NDIS
- Државјани **ИЛИ** постојани жители на Австралија, **ИЛИ** државјани на Нов Зеланд кои се носители на специјална категорија заштитна виза (Protected Special Category Visa)
- Имаат попреченост што нема да исчезне, која е „доживотна“ и која влијае на нивната способност да учествуваат во секојдневни активности.

Луѓето кои немаат право на поддршка NDIS може да ги поврзе со други соодветни организации за поддршка.

## Избор и контрола



Во минатото многу луѓе со попреченост во Австралија често се чувствуваа исклучени од животот на заедницата и немаа голем избор како им се дава поддршка. Со NDIS, учесниците може да одлучат каква поддршка сакаат и како ќе ја добиваат.

## Разумна и неопходна поддршка

NDIS може да плати за поддршка што е разумна и ви е неопходна. Тоа значи дека поддршката зависи од вашата попреченост и ви е потребна за да имате добар живот, да учествувате во активности во заедницата и да ги остварувате вашите цели. Поддршка од NDIS може да имате сè додека таа ви е потребна како помош поради вашата попреченост.

**NDIS ја обезбедува поддршката што на луѓето им е потребна за да учествуваат во социјалниот и економскиот живот на нивната заедница.** Тоа може да вклучува:



- Воспоставување врски и чувство на поврзаност со други луѓе - на пример, со роднини и пријатели
- Вклучување во заедницата и во социјални активности, вклучувајќи разонода
- Одење во училиште, учење и обука – на пример, студирање во TAFE или на факултет
- Вообичаени активности во секојдневниот живот – на пример, донесување на одлуки, плаќање сметки и решавање на проблеми
- Комуникации – на пример, комуницирање и разбирање со други лица
- Подвижност – на пример, движење низ вашиот дом и во заедницата, или добивање опрема или помагала за таа цел
- Грижа за себеси и специјални здравствени потреби – на пример, помош при капење, облекување и јадење
- Активности дома – на пример, готвење и чистење на куќата
- Вработување – на пример, наоѓање и останување на работа

## Што NDIS нема да финансира

NDIS нема да финансира ништо што:

- не е во врска со попреченоста на лицето
- е во врска со секојдневните животни трошоци кои немаат врска со потребите за поддршка на лицето
- треба да биде финансирано од некоја друга агенција, како што се образованието, здравјето или домувањето
- е веројатно дека ќе му наштети на учесникот или на други.

## Деца со попречености



NDIS исто така може да ви помогне да добиете рана поддршка за дете со попреченост. Раната поддршка може да го намали долгорочното влијание на попреченоста врз вашето дете и вашето семејство. NDIS тоа го наречува „рана интервенција“.

## Претходно планирање

Луѓето може да почнат да размислуваат сега за тоа каков живот сакаат да имаат и каква помош им треба за тоа да го остварат. Вие може да размислувате каква помош ви треба за да ги остварите вашите цели и каква поддршка може да ви треба во иднина.

## Како да дознаете дали имате право на поддршка

Може да ја користите листата за проверка на правото на поддршка од NDIS на интернет страницата http://www.ndis.gov.au/ndis-access-checklist за да видите дали имате право на поддршка од NDIS.

На NDIS ќе му требаат информации за вашите потреби, за да се одлучи дали може да добиете поддршка за вашата попреченост. Од вас може да биде побарано да пополните еден образец или да разговарате со некого по телефон, за да дадете податоци за вашата попреченост, годините на старост и дали сте државјанин (citizen) или жител (resident) на Австралија. Информации и податоци кои документи треба да поднесете (*на пример, доказ за попреченоста, жителство, возраст итн.*) може да се најдат на интернет страницата на NDIS.

**Ако сега добивате поддршка за вашата попреченост** службата што ја дава таа помош може на NDIS да ѝ даде информации за вашите потреби.

**Ако сега не добивате поддршка**, треба на NDIS да ѝ дадете информации за вашите потреби. Со NDIS може да стапите во контакт кога ќе биде во вашата област. На интернет страницата www.ndis.gov.au може да видите кога NDIS ќе биде во вашата област.

## Соработка со NDIS

Откако NDIS ќе ги добие информации за вас, ќе ви се јават и ќе ви речат дали можат да ви дадат поддршка. Ако може да добиете поддршка од NDIS, ќе разговараат со вас за да разберат кои се вашите потреби и цели, каква поддршка имате сега и како може да ви дадат поддршка. NDIS ќе соработува со вас за да го направите вашиот прв план.

Може да побарате од други луѓе да ви помогнат да го направите тој план и може да побарате преведувач или материјалите да бидат преведени, ако тоа ви е потребно за тие разговори.

## Лица со попреченост и нивните семејства

Потребите на луѓето со попреченост, вклучувајќи го тоа што самите ќе го изберат и решат, се многу важни за NDIS при подготвувањето на план за поддршка, но улогата на семејството е исто така значајна.

Луѓето со попреченост може да побараат од роднини и други лица кои им даваат поддршка, да им помогнат во текот на процесот на планирање на NDIS. Во NDIS ќе размислуваат како да му помогнат на семејството да дава постојана поддршка и ќе се обидат да ја разберат улогата на семејството во подготвувањето на вашиот план, вклучувајќи ја поддршката што членовите на семејството ја даваат, нивните други обврски и нивните цели во животот. NDIS исто така разбира дека лицата со попреченост може да сакаат семејството да им помогне да донесуваат одлуки врз основа на информации, и ќе ги цени нивните мислења, знаење и искуство.

## Ако ви треба преведувач

Ако ви треба преведувач за да прашате нешто или за да дознаете повеќе, јавете се на преведувачката служба TIS на 131 450 и побарајте да ве поврзат со Националната осигурителна шема за попреченост (National Disability Insurance Scheme) на 1800 800 110.

Interpreter

Повеќе информации на www.ndis.gov.au

Funded by
Queensland Government

---

**Овие информации ги подготви AMPARO Advocacy Inc.**

*Иако беше посветено целосно внимание за да се обезбеди овој материјал да биде точен во време на неговото објавување, негова цел е да даде општ преглед, но може да не е точен, актуелен или целосно да одговара на вашата ситуација. Затоа се е многу препорачливо да побарате натамошен поединечен совет.*

Датум на верзијата 2: Септември 2016

AMPARO Advocacy inc

53 Prospect Road, Gaythorne, QLD 4051
PO Box 2065, Brookside Centre, QLD 4053
www.amparo.org.au info@amparo.org.au

phone 07 3354 4900
Interpreter Service 131450